РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1344/5
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1344/1 од 17.04.2025 година, оформен по пријава против лицата ---------- ------------- министер за ------------ ----------- на Република Северна Македонија, , ----------------- --------------- помошник министер за ----------- ------------- и други службени лица вработени во Министерството за -------------- -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1344/1 од 25.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 25.04.2025 година, доставена е пријава против против лицата ---------- ------------ министер за ----------- ----------- на Република Северна Македонија, ----------------- --------------- помошник министер за ----------- -------------, и други службени лица вработени во Министерството за ----------- -------------: -.--------------- ---------------, -.--------------, -.-----------------, -.-.-------------, -.------------, -.---------, по што е оформен предмет број 12-1344/1 од 25.04.2025 година.

Пријавените наводи се однесуваат за сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување заради незаконитости по однос на решение за отказ на лицето ------------ --------------------------, со број 23.6-68353/1 од 01.07.2024 година, донесено спротивно на Колективниот договор на ---- и Законот за работни односи.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително во пријавата наведено е дека по однос на тужбено барање поднесено од страна на оштетеното лице преку полномошник постапил Основниот суд Куманово кој на 17.01.2025 година, истото го има усвоено при што Решението со број 23.6-68353/1 од 01.07.2024 година, донесено од ----- на РСМ е поништено и тужениот е задолжен да го врати тужителот на работа на соодветното работно место согласно неговата стручна подготовка во рок од 8 дена од првосилноста на пресудата.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Министерството за ---------- ----------- на РСМ да достави информација со прилог документација за тоа дали и како е постапено од страна на министерството како тужен орган по однос на Пресудата број - -- - --/-- од --.--.----- година и дали лицето ---------- -------------- од Куманово е вратено на работа во Министерството за - ---------- -----------.

Од Министерството за ---------- ----------на РСМ добиен е одговор број 23-9327 од 13.06.2025 година во кој е наведено дека по однос на предметната Пресуда не било постапено од причина што од страна на Министерството за ---------- ---------- до Апелационен суд Скопје има поднесено жалба, број --.-.- - -----/- од 15.04.2025 година, со барање истата да биде усвоена при што првостепената пресуда да се укине, а предметот да биде вратен на повторно одлучување пред првостепениот суд или истата да биде преиначена на начин што тужбеното барање ќе биде одбиено поради неоснованост.
Дополнително, Министерството за ---------- ---------- информира дека лицето -------- --- ------------- од Куманово не било сеуште вратено на работа, од причина што за предметниот случај во тек е судски процес за кој сеуште нема судска завршница со правосилна пресуда.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Апелационен суд Скопје и се уште нема донесено правосилна судска пресуда, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р, член на ДКСК
Доставено до
-подносителот на пријавата